НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК


Фото: Дарко Андоновски

# Публиката ме сака затоа што и јас ја сакам



*Дневен весник (Ед. бр. 23969)*

**ЛИК**

08.02.2017 12:30

1461



Мимоза Петревска Георгиева
mimoza.p@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Има живеачка од уметност ако тоа си го работиш чесно. Ако сакаш да те сака публиката, и ти треба да ѝ правиш да ѝ биде интересно. Да не ја малтретираш, туку фино да ја дозираш, вели Масин**

Како секој добар домаќин, уметникот Миро Масин нè пречека со широка насмевка и убава енергија во својот дом и ателје во уметничката населба во Ѓорче Петров. Непосреден и ведар тој отворено разговара за сè, па и за болеста што, како што вели, направила уште повеќе да го засака животот. Опкружен со скици, слики, четки и бои, тој е уметник по крв, кому уметноста му е и живот и начин на преживување. Познат како боем и дружељубив човек, Масин знае да го погоди нервот на публиката. Тоа го потврди и со неодамнешната изложба „Birday“ (Ден на птицата), која ја организира во своето ателје, на која покани драги пријатели и љубители на уметноста, кои во интимен амбиент, со убаво вино и муабет, можеа да уживаат во неговата уметност. Масин (1963 г.) дипломирал на ФЛУ во Скопје во 1988 година. Зад себе има околу 40 самостојни и 200 групни изложби во: Македонија, Австрија, Данска, Франција, Бугарија, Турција, Италија, Чешка и Америка.

**Последната изложба, со наслов „Birday“, во која главен мотив се птиците, ја направивте во ателјето, кое едновремено е и ваш дом. Зошто го одбегнавте стандардниот галериски простор?**

- Ова не е првпат да правам изложба во ателјето. Лани, на 17 јануари, исто овде правевме изложба со Климе Коробар. Нему му текна дека тоа е и Светски ден на уметноста. Случајно или не, на тој ден е и мојот роденден, а јас од мал си правам журка за роденден. Па и годинава, неколку дена по роденденот, си реков зашто да не? И овој простор може да се смета како галериски. Тука неколкупати имаше изложби со поетски читања, меѓу кои и едно на покојниот Игор Исаковски. Овде е интимно, удобно и мислам дека луѓето уживаат.

**Велат дека птицата како симбол им се појавува на духовно разбудените луѓе. Како дојдовте до овој мотив?**

- Насловот „Брдеј“ е игра на зборови и би значело „Ден на птицата“ по нашки. Уште како студент почнав да сликам птици, а дури многу подоцна почнав да сликам и мајмуни. Ова ретко кој го знае. Кога го работев овој циклус, пребарував и најдов скици на птици, особено на чапји и штркови. А ако ме прашувате како ми дојде да сликам птици, всушност не знам. Можеби поводот беше вицот за еден орел што се опијанил. Обично паметам по неколку вица годишно и со нив ги малтретирам пријателите. Можеби од тоа тргнав, оти во целава серија од седумдесетина дела, прво насликав орел, и тоа неколку орлиња. Една година имав циклус што се викаше „Риба-птица-жена“, кога ги вклучив и малку ги помешав овие три убавини.

**Својата вредност и значење како уметник ги покажавте и докажавте уште во своите први сликарски обиди. Како ја паметите уметничката и генерално културната сцена од 1980-тите и 1990-тите?**

- Тогаш уште бев на студии и бев генијален. Постоевме само јас и Салвадор Дали! Но тогаш уште бев дете и толку ми сечеше умот. Потоа растев и ги поминав сите фази. Сега се прашувам дали би го ставил Дали на некое 47 место ако правиме ранг-листа на уметници. Веќе со децении за мене Рембрант е на прво место. Него како влијание го имам и во раната фаза, но и сега, кога ги работам портретите, се чувствува таа атмосфера. Сликањето е сосема поинакво, но мислам дека атмосферата е рембрантовска со игра на сенки и светло-темно. Додека растев сознавав дека има многу други добри автори на кои само им дишам во вратот. Младите автори треба да знаат дека треба многу работа и дека сите сме генијалци дома, но штом излезеш надвор од ателјето или од станот, има други фактори што ти укажуваат дека си само еден од многуте генијалци, со или без наводници. Понекогаш треба да поминат години, па и векови за историјата да соџвака нешто и да се потврди мислењето на мајка ми или мајка ти дека сме најдобри.

**Името Миро Масин е институција само по себе. Како постигнавте таков уметнички интегритет?**

- Не сум се потресувал многу на надворешни појави ниту влијанија. Секогаш сум си бркал своја работа по принципот - не те задевам, не ме задевај. Не сум се оптоварувал со политика и планирам наредниов половина век да го поминам опуштено. Кој ме сака - ме сака. Не одам на дебатни емисии кога ме канат, зашто не сакам да зборувам за политика. Секогаш кога сум отишол на неполитичка емисија таа завршувала како политичка. А поделбата на уметниците по оваа линија отсекогаш си била и така ќе си биде. Се чудам кога моиве колеги се потресуваат околу тоа. Кај нас е нормално ако сум ти јас кум да купувам од тебе слики или тебе да ти правам претстави.

**Мислите ли дека секогаш непотизмот бил толку екстремно присутен?**

- Секогаш, само што некогаш поприкриено, некогаш јавно. Во помалите и посиромашни земји ова е особено очигледно.

**Поминавте низ неколку креативни фази, но најпрепознатливи останавте по мајмунот. Што ви симболизираше тој во тоа време?**

- Во 1995 година едно време поминав во празен кафез во мајмунарникот во Зоолошката градина, а наредната

година десет дена живеев со мало мајмунче во кафез. Тогаш, всушност, станав славен. Ме имаше дури и на вести на МТВ. Има повеќе варијанти за тоа како дојде до приказната со мајмуните. Како лична вежба правев копии на Миќа Поповиќ, југословенски покоен сликар, кој има многу сликано и цртано мајмуни. Па, потоа кога вујко ми ме виде по веснициве велеше: „Јас ти купив мајмунче како мал, тоа ти е од мене!“ Мотивот подолго време го надградував, па дојдов до фазата мајмун-човек мајмун. Ако Дарвин бил во право дека сме настанале од мајмуни, таа теза малку ја надградив со идејата дека повторно треба да станеме мајмуни. Не мајмуни што ќе јадат само кромид и банани, туку да се вратиме на она исконското, природното во човекот. Во ова време на климатски промени и огромно загадување малку да се свртиме кон природата.

**Оставате впечаток дека не рационализирате премногу околу вашето творештво...**

- Да ви кажам право, ич не му ја мислам. Има мои драги колеги што велат дека цел живот сликаат една иста слика. Јас на две-три години, а некогаш двапати годишно работам по еден различен циклус. Циклусот „Ашанте“ го работев две-три години и сосема бев влезен во тој филм. Откако ќе направам изложба и делата ќе излезат во јавност, главно сум задоволен со себе и се чувствувам некако испразнето. Па следува период кога размислувам, шеткам низ ателје, чкрткам нешто, патувам... Ретко знам да отидам и на некоја колонија. Колониите се убава работа, ќе сретнеш десет луѓе што се различни, сакал-нејќел ќе видиш нешто ново. Ќе здогледаш некоја точка кај некого, ќе „ја купиш“, ќе ти влезе во потсвест. Потоа си правиш муабети со драги пријатели и така се раѓа идејата. Јас од една силна експресија во фазата „Ашанте“, во сегашната фаза со птиците некако се враќам кон реалистичкото работење. Среќа имав добри професори на академија, па знам и да цртам и да бидам прецизен. Секоја идеја со себе си го носи и материјалот во кој ќе се реализира. Тоа може да е масло или видео... зависи со што ќе се врзе. Другото самото си се крчка.

**Како ви изгледа обичен ден? Од креативниов хаос наоколу личи дека уживате да си чкрткате.**

- Не сум од оние што работат секојдневно. Како, еве, покоен Гиче Чемерски, кој стануваше па сликаше, па ќе отиде на пазар, ќе се врати... а јас тогаш се будам. Но јас немам друга работа освен ликовна уметност и главно сум дома, па си чепкам нешто.

**Следејќи ги вашите стилски трансформации, можеме да заклучиме дека сте сестран уметник. Само што не се задржавте во концептуалата. Туѓа ли му е на вашиот сензибилитет?**

- Морам да кажам дека зад себе имам дваесетина инсталации и перформанси. Како што реков, зависи дали идејата ќе се врзе за акварел, масло или видео. Ако идејата е издржана, делото ќе биде интересно. Немам ништо против концептуалната уметност. Едно време таа дури беше хит. Но сега се враќа штафелајното сликарство, што ме радува.

**Поминавте низ една здравствена криза. Како се одрази таа врз вас како човек и како уметник?**

- Најнормално. Како кога те боли заб, ти го вадат, пиеш лекови и бркаш работа. Од првиот ден сфатив дека мојата болест е болест како и секоја друга и тоа е тоа. Сега опуштено си го терам веков оти мене животов ми се допаѓа.

**Публиката ве сака, ве има во многу приватни колекции. На што се должат таа љубов и наклоност?**

- На тоа што и јас ја сакам публиката. Фала богу жив сум и живеам само од сликарството. Немам други приходи. Дури немам ни статус на слободен уметник. Има живеачка ако ова си го работиш чесно. Ако сакаш да те сака публиката, и ти треба да ѝ правиш да ѝ биде интересно. Да не ја малтретираш, туку фино да ја дозираш. Секогаш сум знаел да ѝ направам интересно. Можеби сум роден таков, весел. Сакам и на тие со кои се дружам да им биде весело и убаво.

**Има ли дела од кои тешко се разделувате или од кои по никоја цена не би се разделиле?**

- Имам многу дела што ми се драги и сите ги продавам. Продавам сѐ, освен душата и задникот. Делата што ми се подраги имаат и повисока цена. Ако некој многу посакува некоја слика, која и мене ми е многу драга, ќе ја добие, но малку поскапо ќе ја плати.

**Има ли слика што не би ја продале?**

- Не. Не се случило тоа.

**Познат сте како боем и друштвен човек, но последниве години живеете малку поизолирано. Ви недостигаат ли адреналинот и вревата на ноќниот живот?**

- Воопшто не се чувствувам изолирано. Сега сум во најубавите зрели млади години. Малку ме пресече законот за непушење по кафеани, па две зими се мрзнев надвор и веќе не ми беше убаво така. Овде кај мене, кој дошол добредошол. Кој ме викне дома одам, ако се пуши. Пред некое време сопругата на Сергеј Андреевски ми вели: „Не ни дојде на слава“. Ѝ реков: „Кажавте дека не се пуши. Кога ќе направите летен Св. Никола ќе дојдам“. Мене најубаво ми е дома, а ако вам не ви чини, не доаѓајте пак.

**Што работите во моментов?**

- На 2 март во Белград ќе правам изложба во уметничкиот павилјон „Цвијета Зузориќ“, на влезот во Калемегдан, со циклусот „Ашанте“. Сега работам и портрети, некои од нив нарачки, бидејќи живеам од тоа и треба да ја платам струјата. Но уживам и кога работам нарачки. Никогаш не би потпишал слика ако мене не ми се бендисува. Нормално, не можам да го исполнам сечиј сон, како на пример да насликам нечија жена како еднорог. Е, тоа не би можел.

---

t f [twitter] [skype] +